**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 03-2416/1

Скопје 25.04.2019г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Дваесет и трети дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за 25-ти април 2019 година.

Во денешниот извештај ве информираме дека Агенцијата денес го објави вториот извештај за начинот на известување на радиодифузерите во текот на изборната кампања кој го опфаќа периодот од 10 до 19 април 2019 година.

Во вторите десет дена од првиот круг од кампањата за Изборите во 2019 година, за изборните процеси, со поголем интензитет, односно со повеќе од половина од времето во вестите, известуваа: МРТ1, МРТ2 Програма на албански јазик, МР1, МР Програма на албански јазик, ТВ Алфа, ТВ Сител и регионалната телевизија со седиште во Охрид ТВМ. Кај другите медиуми известувањето и натаму беше со помал интензитет.

И во овој извештаен период, националните медиуми повеќе се концентрираа на активностите на претседателските кандидати. Од друга страна, ретко која од регионалните и локалните телевизии имаше позначајно време во вестите посветено на изборите воопшто, со тоа што обично се концентрираа на локалните избори.

Карактеристика на медиумското покривање на изборите во периодот од 10 до 19 април 2019 година, беше поголемото настојување кај радиодифузерите за доследно почитување на принципот на еднаквост, согласно кој се обезбедува баланс во известувањето за активностите и на претседателските и на градоначалничките кандидати.

Вториот извештај е достапен на веб страницата на Агенцијата.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

..........................................................

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**